**2017006045**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и точка 31 од Одлуката за проверка на автентичноста и соодветноста, условите и начинот на враќање на книжните и кованите пари во оптек („Службен весник на Република Македонија“ бр. 112/15), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

## УПАТСТВО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА ВИДОТ И НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ И НИВНО КОРИСТЕЊЕ ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОВЕРКА НА АВТЕНТИЧНОСТА И СООДВЕТНОСТА, УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ВРАЌАЊЕ НА КНИЖНИТЕ И КОВАНИТЕ ПАРИ ВО ОПТЕК

1. Во Упатството за видот и начинот на доставување на податоци и нивно користење при спроведувањето на Одлуката за проверка на автентичноста и соодветноста, условите и начинот на враќање на книжните и кованите пари во оптек („Службен весник на Република Македонија“ бр. 118/15), во прилогот 1 точка 1 зборовите: „/центарот за готовина“ се бришат.

Во точката 3 во колоната „Апоен“ помеѓу редовите кои ги означуваат броевите: 100 и 500 се додава нов ред со бројот: „200“.

Бројот: „5000“ станува број: „2000“ и во Забелешката, зборовите: „/центар за готовина“ се бришат.

2. Во прилогот 2, во точката 3 во колоната „Апоен“ од двете табели, помеѓу редовите кои ги означуваат броевите: 100 и 500 се додава нов ред со бројот: „200“, а бројот: „5000“ станува број: „2000“.

3. Во прилогот 4, во точките 1, 2 и 3, во колоната „Апоен“, помеѓу редовите кои ги означуваат броевите: 100 и 500 се додава нов ред со бројот: „200“, а бројот: „5000“ станува број: „2000“.

4. Во прилогот 5, во табелата „Податоци за машината“, ознаките на апоените на книжните пари коишто ги обработува машината, се менуваат и гласат: „г) 200 ден., д) 500 ден., ѓ) 1000 ден. и е) 2000 ден“.

5. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

У. бр. 912
12 јануари 2017 година
Скопје

Гувернер,
**Димитар Богов**, с.р.